Локален младински совет на Општина Охрид

Македонија
самоуправа
Бр. 08 - 3886/1
27.03 20 24 год.
Охрид

# З А П И С Н И К

Од **седница** на Локален младински совет, оддржана на **27.03.2024** со почеток во **10:00 часот**, во просториите на **Општина Охрид**.

Присутни:

1. Игор Јосифоски
2. Александар Стојановски
3. Кети Маркоска
4. Стефанија Битолкоска
5. Петар Сарафилоски
6. Александар Бојчовски
7. Калина Стојаноска

Претседателот на Локалниот младински совет ја отвори **деветтата седница** на Локалниот младински совет. Вкупно беа присутни 7 членови.

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Записникот од претходната седница на ЛМС;
2. Промена и усвојување на нов деловник за работа;
3. Дискусија за поголема транспарентност и архивирање на документи;
4. Разно;

Се гласаше за дневниот ред и истиот се усвои со сите гласови за.

Scanned with CamScanner

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

**Прва точка -** Усвојување на Записникот од претходната седница на ЛМС;

- На почетокот на седницата се гласаше за усвојување на Записникот од претходната седница на Локалниот младински совет.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

Се констатира дека Записникот е усвоен.

**Втора точка -** Промена и усвојување на нов деловник за работа;

- Со цел подобрување на ефикасноста, јасноста и навременоста на ЛМС, членовите донесоа едногласна одлука за промена на деловникот за работа. По дискусијата предлог - деловникот беше усвоен

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

**Трета точка -** Дискусија за поголема транспарентност и архивирање на документи;

- Со цел поголема видливост, препознатливост и транспарентност пред јавноста, членовите на ЛМС ќе бидат објавени на страната на Општината, нивната програма, записници и сите потребни информации за Советот.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

**Четврта точка** – Разно;

- Под оваа точка се дискутираше за досегашната работа на ЛМС и како тоа да се подобри со цел ефикасност и успешност.

ГЛАСАА: ЗА – 7 ПРОТИВ – 0 ВОЗДРЖАНИ – 0

Scanned with CamScanner

Дневниот ред беше исцрпен.

Со тоа заврши деветтата седница на Локалниот младински совет.

- Седницата се оддржа во присуство на службеникот за млади.

Претседател на Локален младински совет

**Игор Јосифоски**

Scanned with CamScanner